Република Северна Македонија

**Министерство за култура**

Сектор за управен
и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Kulturës**

Sektori i Mbikëqyrjes
Administrative dhe Inspektuese

_____ год.
20___ год.
Потпис,

Ип. 1 бр. 57-2
Датум: 28.1.2020 г.

Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура преку Верица Станкова, советник инспектор со службена легитимација број 005, изврши редовен инспекциски надзор над субјектот на инспекцискиот надзор Друштво за издаваштво, промет и услуги АНТОЛОГ-БООКС ДООЕЛ експорт-импорт од Скопје со деловно седиште на ул. Скопје, застапувано од – управител – со ЕМБГ: во со Записник Ип. 1 бр. 57-2 од 27.1.2020 година ја утврди фактичката состојба и врз основа на член 85 точка 1 од Законот за културата („Сл. весник на РМ" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), го донесе следново

## Р Е Ш Е Н И Е

1) СЕ НАРЕДУВА на Друштвото за издаваштво, промет и услуги АНТОЛОГ-БООКС ДООЕЛ експорт-импорт од Скопје, средствата во износ од 47.000,00 денари преведени од страна на Министерството за култура во согласност со Годишниот договор бр. 22-4540/1 од 11.4.2019 г. за проектот „Книга фотографии" од областа на визуелните уметности, архитектурата и дизајнот, да се вратат во Буџетот на РСМ во согласност со член 66 став (2) од Законот за културата со оглед на фактот дека Друштвото не го реализирало проектот во предвидениот рок, односно до крајот на 2019 година.

2)Рокот за извршување на изречената инспекциска мерка од точка 1 од ова решение изнесува 30 дена од приемот на Решението.

3)Субјектот на инспекцискиот надзор од точката 1 од ова решение е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциската мерка, а најдоцна во рок од три дена, писмено или по електронска пошта, да го извести инспекторот дали е извршена инспекциската мерка.



Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643
www.kultura.gov.mk

О б р а з л о ж е н и е

Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура, врз основа на член 68 став (1) и член 82 став (1) од Законот за културата, преку Верица Станкова, советник инспектор со службена легитимација бр. 005, изврши редовен инспекциски надзор над субјектот на инспекцискиот надзор Друштво за издаваштво, промет и услуги АНТОЛОГ-БООКС ДООЕЛ експорт-импорт од Скопје со деловно седиште на ул. во Скопје, застапувано од . – управител – со ЕМБГ: , и состави Записник Ип. 1 бр. 57-2 од 27.1.2020 година, во кој е констатирано: според изјавите на присутните лица, Друштвото не го реализирало проектот „Книга фотографии“ од областа на визуелните уметности, архитектурата и дизајнот во согласност со обврската од член 3 од Годишниот договор бр. 22-4540/1 од 11.4.2019 г., односно во предвидениот рок заклучно со 20.11.2019 г., а по исклучок заклучно со 31.12.2019 г., што не е во согласност со член 66 став (1) од Законот за културата.

Врз основа на изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение незадоволната странка може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.

Решено во Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура под број Ип. 1 бр. 57-2 од 28.1.2020 година.

Советник инспектор
со службена легитимација број 005,
Верица Станкова


Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643
www.kultura.gov.mk